АД за производство на метални и
електромашински производи
П Р О Л У К С
Бр. 02-36
19.06. 2019 год.
В Е Л Е С

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работењето на членовите на Управниот одбор на „ПРОЛУКС“АД-Велес во 2018 година

Полн назив на друштвото: *Акционерско друштво за производство на метални и електромашински производи „ПРОЛУКС“ АД – Велес.*

Скратен назив на друштвото : **ПРОЛУКС АД** – Велес.
Адреса: „Васа Кошулчева“ бб-Велес.

Членови на управниот одбор се:
- Дејана Самарџиоска- претседател
- Венцеслав Крстески
- Дарко Тодороски

Во 2018 година акционерското друштво немаше никакви деловни активности.

АД уназад повеќе години, т.е. од 2004 година не функционира и нема континуитет во работењето, бидејќи главна дејност на друштвото беше производство на електрични лустери.

Опремата беше приспособена за вакво производство, производи кои не беа конкурентни и профитабилни, немаше пазар во Македонија и во странство.

Опремата е целосно технолошки и вредносно амортизирана.

За да се рестартира ново производство, потребна е набавка на скапа нова и современа технологија, за производство на неконкурентни производи, бидејќи имаше и има масовен увоз на ефтини лустери од Турција и Кина.

Акционерското друштво е организирано преку управен одбор и надзорен одбор.

Претседател на управниот одбор е Самарџиоска Дејана, со ЕМБГ: 1811963445034.

Бројот на вработените изнесува 2 работници.

Активностите на вработените се насочени кон одржување на постоечката опрема и залиха на роба.

Акционерското друштво во 2018 година немаше никакви деловни активности, т.е немаше никакви приходи, имаше расходи од 917.666 денари, кои произлегуваат од трошоци за плати на вработените, останати трошоци и амортизација:

- Бруто плати = 624.756 денари;
- Амортизација = 188.135 денари;
- Останати трошоци = 104.775 денари.

Од работењето во 2018 година е остварен *негативен финансиски резултат од 917.666,00 денари.*

Управниот одбор на акционерското друштвото ПРОЛУКС-Велес, сите финансиски извештаи за 2018 година и изнесените податоци за работењето на друштвото ги прифаќа, како и предлогот за распределба на остварената загуба.

Велес; 19.06.2019 година.

**Управен одбор:**

1. **Дејана Самарџиоска** ______________________
2. **Венцислав Крстески** ______________________
3. **Дарко Тодороски** ______________________

АД за производство на метални и електромашински производи * ПРОЛУКС ВЕЛЕС